1015

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
MLADI BOR(?) - Skoplje
28. IV. 1966



# ЉУБОВТА КОН УМЕТНОСТА БАРА И РАБОТА

## Желба: Младиот наставник во село Страцин, Кратовско, во своето училиште да отвори ликовна галерија на детски цртежи

ДЕНЕС во повеќе прилики слушаме за тешкотиите на учителскиот позив, за неприликите околу нормалното изведување на наставата во селските училишта оддалечени и по десетина километри од градот. И селото Страцин спаѓа во редот на оние села што се оддалечени од општинскиот центар и што има доста тешкотии околу изведувањето на наставата и прибирањето на учениците кои за да дојдат на часови пешачат и по десет километри. Од Кратово тоа е оддалечено 18 километри, а од Куманово и Крива Паланка двојно повеќе. Во Страцин работи централно основно училиште „Христијан Тодоровски — Карпош" во кое учат преку 500 ученици од кои 200 се во вишите одделенија.

Во основното училиште во Страцин се запознавме со младиот наставник по ликовно воспитување Ѓорѓи Додевски. Годинава, по завршувањето на училиштето за применета уметност во Скопје во класата на сликарот Драгутин Аврамовски — Гуте тој за првпат се среќава со учителскиот позив.

— Мојата прва средба со селото беше тешка. На ликовен план таа за мене претставуваше уште поголема тешкотија, зашто со учениците беше тешко да се воспостави еден ред околу потребите што ги бара предметот — ликовно воспитување.

Потоа младиот Додевски нѐ запозна со намерите и работата на учениците во училиштето. Во целиот разговор доминираше неговата огнена желба да се направи што повеќе, учениците да добијат многу повеќе сознанија за ликовната уметност, за техниките на цртањето, за вештините и слично. И покрај тешкотиите на кои наидува кај учениците, нивната неподготвеност за изведување на наставата по ликовно воспитување, немањето на прибори за цртање и слично, тој е сепак задоволен од она што учениците го покажале. Досега учениците ги имаат совладано главните елементи на ликовното воспитување и со нив успешно се служат. Нивните цртежи се доволен доказ за она што тие го постигнале. За нормално изведување на наставата по ликовно воспитување фондот на часови (еднаш неделно), како да не беше доволен. Во согласност со управителот на училиштето и интересот на учениците, честопати часовите по општотехничко образование (за кое засега во училиштето нема услови нормално да се изведуваат), се заменуваат со ликовно воспитување.

Кога го посетивме основното училиште во Страцин, и Ѓорѓи Додевски и другите наставници веднаш нѝ понудија да ја посетиме училницата во новата училишна зграда. — Тоа е засега единственото со кое можеме да се пофалиме, ни рекоа.

И за момент се пренесовме во светот на детската фантазија, во светот на невештите, но во исто време многу инвентивно изведените обиди на учениците. Околу илјада цртежи претежно графики распоредени на подот (!) го сочинуваа бескрајниот албум на ликовниот свет на децата од ова основно училиште. Тука најубаво може да се забележи „уметничкиот" растеж на идните уметници: од првиот обид со линија преку туш, па до густо распрсканата боја на цртежот.

— Сега имам една нова желба, продолжува Додевски. По примерот на моето родно место Кратово и на мојот професор по ликовно воспитување Лазар Софијанов, и во Страцин, во нашето основно училиште да оствариме ликовна галерија на детски цртежи. Од остварувањата на учениците во првата селекција се издвоени околу илјада цртежи, претежно графика, а од нив околу триста ќе си го најдат своето место во идната галерија. Бидејќи Страцин е попатно место низ кое минуваат голем број туристи (училиштето се наоѓа во непосредна близина на автобуската станица), идната галерија е замислена како постојанен изложбен салон каде што ќе си најдат место најдобрите ученички остварувања.

Засега околу отворањето на оваа галерија, која ќе биде единствена од ваков тип во нашата Република, ако не и во Југославија, главна тешкотија е недостигот на средства и простории. Но во најскоро време во непосредна близина на училиштето ќе биде отворена нова училишна зграда во која една просторија ќе се издвои за галеријата. Во најскоро време училиштето ќе одвои од својот буџет и извесна сума средства за набавување на рамови и стакла, но за оваа иницијатива потребно е да се заинтересираат и други.

Разговорот со Ѓорѓи Додевски како да нема никогаш крај. За ликовното воспитување тој може да ви зборува долго време без прекин, за своите намери и планови уште повеќе. Тој верува во себе, а уште повеќе во способностите на своите ученици. Учениците неуморно работат и нивна желба е што поскоро да им се овозможи да учествуваат на некој ликовен конкурс. Само така, тие велат, ќе излеземе од анонимноста и нашиот труд ќе вроди заеднички плод.

Со Додевски и со неговите ученици се разделивме со желба и нашата идна средба да биде во врска со нивниот постигнат успех.

**Ст. ЛОЗАНОВСКИ**



*Графика — Љубе Илиевски, ученик VII одд. Основно училиште с. Страцин*